Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15, бр.55/16 и бр.64/18), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со седиште на ул.Македонија бр.38, 1000 Скопје, телефон: + 389 2 3103 400, contact@avmu.mk, Цветанка Митревска, го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2018 до 31.12.2018)**

1. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, Цветанка Митревска, службено лице задолжено за посредување на информации,

2. Број на поднесени барања – 12 (дванаесет)

3. Број на позитивно одговорени барања – 9 (девет) позитивно одговорени во целост и 1 (едно) позитивно одговорено делумно.

4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање – 2 (две) одбиени во целост и 1 (едно) одбиено делумно, од кои:

4.1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 12-178/1 од 09.01.2018 година, од подносителот на барањето Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, ул."Митрополит Теодосиј Гологанов" бр.28, Скопје, преку застапникот/полномошник адвокат Панче Ефтимов, ул.„Маршал Тито" бр.56/1, Скопје, со кое се бара информацијата од јавен карактер: "Дали Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДОО, ЕМБС 5219097, во периодот од 01.01.2015 година заклучно со 31.12.2016 година, вршел емитување (непрекинато) на музички несценски дела, по пат на телевизија", поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер,

4.2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 12-4269/1 од 28.09.2018 година, од подносителот на барањето Миша Поповиќ, Постар истражувач, од Институт за демократија Социетас Цивилис, ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.42А/3, Скопје, со кое се бара информацијата од јавен карактер: биографија или Curriculum Vitae на лицето кое во моментов ја извршува должноста (без разлика дали е во форма на вршител на должност или не) заменик директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер

и

4.3. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 12-2188/1 од 30.04.2018 година, од подносителот на барањето Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка од Скопје, ул. Наум Наумовски Борче бр. 83, со кое се бара информацијата од јавен карактер – одговори на прашања содржани во Прашалник доставен во рамките на предметното барање за пристап до информации од јавен карактер, во однос на:

- Прашањето бр.2: Дали се донесени и се спроведуваат законски мерки со кои се криминализира „говорот на омразата" на интернет и дали тоа ги вклучува: 2.а.) сексуалната ориентација како основ? и 2.б.) родовиот идентитет како основ? и
- Прашањето бр.3: Дали предвидувате активности за поттикнување на интернет провајдерите да преземат мерки против ширење на хомофобични и трансфобични

материјали, закани навреди?, поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер (одбиено делумно),

5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - /

6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата - /

7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата - /

8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање - /

9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање -

10. Број на случаи на молчење на Комисијата - /

11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки-/

12. Број и видови на изречени прекршочни санкции - /

13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата - /

14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - /.

**Скопје, 18.01.2019 година**

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,
____________________
Цветанка Митревска

**Бр.** 12-273/1

18.01. **2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**по овластување на Директорот,**
____________________
**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**